Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 20.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 22 | -2/3 | 1 | — |

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Архивски број: 13-3562/2
Датум: __.05.2026 година
18 -05- 2026

До: Влада на Република С. Македонија
Генерален секретаријат

Предмет: Мислење
Врска: Ваш број 22-2/2
од 21.04.2026 година

Почитувани,

По однос на Вашиот допис заверен под горенаведениот број и датум, со кој барате мислење по Деловниот и финансискиот извештај за 2025 година на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, Министерството за финансии во рамки на своите надлежности Ве известува за следното:

Согласно член 85 став (1) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр.52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република С. Македонија" бр.239/22) организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај за својата работа до Владата на Република С. Македонија за усвојување најдоцна до 30 Април во тековната година за претходната година.

Според податоците презентирани во финансискиот извештај за 2025 година, Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, остварила приходи во вкупен износ од 800.549,00 денари, од кои 99,8% односно 798.792,00 денари се приходи остварени од донации во парични средства, а 0,2% односно 1.757,00 денари се остварени по основ на други приходи.

Во делот на расходите, изминатата 2025 година организацијата реализирала расходи во вкупен износ од 758.095,00 денари, во кои најголемо учество со 53,8% (408.154,00 денари) имаат расходите реализирани на ставката потрошни материјали и ситен инвентар.

Согласно презентираните податоци, Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје во 2025 година остварила вишок на приходи во износ од 42.454,00 денари.


Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Имајќи го предвид горенаведеното, по однос на Деловниот и финансискиот извештај за 2025 година на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, Министерството за финансии во рамки на своите надлежности нема забелешки.

Со почит,

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Изработил: Зејније Елмази
Контролирал: Марина Станојкова Арсовски
Орнела Трајкоска Пендевска
Одобрил: Иван Недев

Проверил: Марјана Стефановска

Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk